# МИСИОНСКИ
## ПРОПОВЕДИ



ЧЕТВРТО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2018

*Сабота, 6 октомври 2018*

# МИСИОНСТВО СО ЉУБОВ – ХРИСТОВА МЕТОДА

## Пет чекори до успешно сведочење

Во 1901 година во Њујорк е донесен закон за изградба на станбени објекти во сиромашните градски квартови, кој требало да обезбеди тие градби да бидат посигурни и поздрави за живот. Њујоршката берза ја доживеала својата пропаст. Градот речиси се стопил под најстрашниот бран на топлина во историјата. И токму таа година, адвентистичкиот пионер Стефан Хаскел, на возраст од 68 години, и неговата жена Хети, дошле во Њујорк како мисионери.

Хаскелови, кои целиот свој живот го поминале во претежно рурални средини, одеднаш се нашле во срцето на густо населениот град Њујорк, во трошна зграда оддалечена само неколку блокови од Централ парк. Хаскел изгледал исплашено и си мислел дека и тие ќе се изгубат во тој метеж. „Не дозволувајте нашите браќа да заборават да се молат за нас“, пишувал. „Не заборавајте ја адресата. Тоа е Западна 57 улица, број 400, Њујорк Сити“.[1]

Хаскел се чудел на урбаната џунгла која тој и неговата сопруга сега ја нарекувале свој дом. „Во нашата зграда живеат педесет и три семејства“, пишувал. „Зградата има седум ката, двата лифта работат деноноќно“. Хаскелови веројатно би се чувствувале многу попријатно на некој имот од неколку хектари во Нова Англија, но го послушале советот на Елена Вајт за тоа дека Христовите следбеници, наместо да проповедаат оддалеку, треба да Го следат во Неговата служба со личен пример – живеејќи и проповедајќи внатре во заедницата.[4]

Тоа секако, била методата која и самиот Исус ја користел за да дојде до луѓето. А стратешкиот план на Црквата на адвентистите на седмиот ден под името „Да го допреме светот“ јасно го препознава Христовиот метод на служба како при-

мер за мисијата на црквата. Во своето класично сиже на таа метода, Елена Вајт зборува за мешањето со луѓето како прва од петте витални мерки. Таа вели:

1. »Спасителот им се придружувал на луѓето како Оној кој им посакува добро.«
2. »Тој покажувал сочувство кон луѓето...«
3. »...Им служел на нивните потреби...«
4. »...Ја придобивал нивната доверба.«
5. »Тогаш им упатувал повик: „'Појдете по мене'."[5]

**Спасителот се мешал меѓу луѓето**

Исус не се задоволил со тоа да остане на небото, одвоен од човештвото, испраќајќи спасение со помош на далечински управувач. Како што Јован вели: „Речта (*Logos*) стана тело и се всели меѓу нас" (Јован 1,14). Зборот *logos* има богата историја во грчката и во еврејската традиција. За Грците, тоа бил филозофски поим, обединувачки принцип во вселената кој сѐ држи во рамнотежа, во одреден ред и симетрија. Во еврејската мисла, *Logos* (на еврејски: *Davar*) се однесува на изразот Бог, Неговото дејствување и говор.

Значи, за да го опише Исуса, Јован овде користи еден извонредно богат, повеќезначен збор. Читателот кој потекнува од грчката култура би замислил еден посебен космички принцип кој се трансформирал во личност. Евреинот би го замислил Бога кој на некој начин би се открил во видлив човечки облик. И навистина, словото, преку отелотворувањето навлекло коски и месо. Кога дошол на Земјата, Исус не воспоставил официјално седиште во некој истакнат дел на градот ниту очекувал луѓето да Му пристапуваат, туку Тој им приоѓал на луѓето. Јован вели дека Исус се »всели« меѓу нас. Грчкиот збор *skenoo* значи „подигне шатор"или „живее во шатор" (види Јован 1,14). *Logos* *го „подигнал својот шатор" меѓу нас. Тој пиел од истата вода, јадел од истата храна, леел човечки солзи.*

Исус зборувал во синагогите, но често се среќавал со грешни жени кај селскиот бунар, ги забележувал собирачите на данокот на дрво, ги лечел слепите покрај прашливите патишта. Исус ни се приближил во својата комплетна служба на поучување, проповедање и исцелување (Матеј 9,35), и имаме пример како Исус допира до нив (Матеј 8,3.15; 9,25.29). Тој всушност, толку се мешал со „грешниците“ и поради тоа религиозните поглавари многу Го критикувале (Матеј 8, 10-13).

Христијанството често се потиснува во црквите и теолошките школи и се сведува на креда и изјави. Но, неговото вистинско место е на улиците, на работните места, во домовите и во нашиот живот. Христовата метода нè поучува дека нашата мисија мора да биде повеќе од настојување за да можеме, како духовен магнет, да ги привлечеме луѓето во црковните згради. Секако нашите цркви треба да бидат привлечни и отворени за луѓето, со проповедите и програмите кои го привлекуваат вниманието. Но, главната улога на црквата е да ги вдахнува, обучува и испраќа членовите од своите црковни клупи назад во општествената заедница. Вистината оживува кога ќе стане тело кое го допира животот на мажите и жените, на момчињата и девојчињата и го исполнува со Христовата вистина. Доктрините се од пресудно значење, но ние мораме да покажеме како тие се покажуваат во нашиот живот.

**Тој сочувствувал и ги задоволувал потребите на луѓето**

*Ако го следиме Исусовиот пример во дружењето и средбите со луѓето, ние ќе покажуваме интерес за нивните потреби, нивните интереси и семејства. Како што вели Елена Вајт, ние „покажуваме сочувство*“. Тоа го опишува Исусовиот став, перспективата од која Тој управувал со својата мисија: „А штом виде многу народ, се сожали« (Матеј 9,36). Ако сакаме нашата мисија денес да биде успешна, таа мора да биде заснована на истата платформа на љубов и сочувство.

Исус не се движел меѓу луѓето како некој трговец кој се обидува да ги продаде за пари своите идеи, ниту како некој кој ги

врбува луѓето за својата политичка партија. Тој дошол да живее како *Logos* за да покаже сочувство и љубов, за да служи на потребите на своите деца, за да ја открие вистината за Бога. Мотивацијата за мисијата е навистина толку важна. Како што вели апостол Павле, Христовата љубов е таа што „нѐ гони“ (2. Коринќаните 5,14) било да им служиме на потребите на луѓето преку здравствената нега, образованието, хуманитарната работа – или едноставно да му правиме друштво некому кој е осамен – Христовата љубов е таа која нѐ мотивира.

**Тој придобивал доверба кај луѓето**

Кога го следиме Христовиот пример на служба – дружење, покажување сочувство и служење на потребите – ние природно ја стекнуваме довербата на луѓето. Нашето пријателство, грижа и заинтересираност водат кон доверба. А токму во контекст на довербата, луѓето се отвораат и стануваат подготвени да ни се придружат на духовно ниво. Тоа не е некој вид на вештачка структура која ја ставаме над сѐ. Тоа природно произлегува од останатите димензии на Христовата метода. Сепак, тоа не се одвива само по себе. Потребно е да се молиме за водството на Светиот Дух во оној завршен и пресуден чекор – водење на луѓето кај Исуса. Мораме да бараме вратата да се отвори и да бидеме подготвени за тој чекор, да забележиме кога тоа ќе се случи.

Црквата на адвентистите на седмиот ден не е повикана да стане уште една општествена добротворна агенција, без разлика на тоа колку овие агенции се важни. Духовната рамка и мотивација за нашата служба мора да се наоѓа во основата и да претставува порака на сѐ што правиме - секоја чинија супа која ја делиме, секој семинар за совладување на стресот што го одржуваме, секој оброк во вегетаријански ресторан кој го служиме. Секако дека е погрешно и да помислиме дека некој мора да ја прифати нашата порака пред да му пружиме физичка помош. Во својата општествено-корисна работа треба да покажуваме безусловно сочувство. Но, тоа не значи дека хуманитарната работа треба да ја одвоиме од христијанското сведочење.

**Тој ги повикувал луѓето да Го следат**

Адвентистите на седмиот ден со години го нагласувале последниот чекор во повикувањето на луѓето да го следат Исуса. Ние сме одржале милиони семинари и јавни евангелски состаноци, сме објавиле милијарди страници „литература која ја содржи вистината“. Но, колку време посветуваме на останатите чекори? Да се прескокне кој било чекор во Христовата метода значи да се направи краток спој во Неговата холистичка служба. А краткиот спој добедува го губење на енергијата.

Во почетокот на дваесеттиот век Елена Вајт ја пофалила работата на една млада адвентистичка црква од Сан Франциско затоа што го следела Христовиот метод на служба. Таа ја нарекувала „кошница“. Членовите на црквата ги посетувале „болните и сиромашните“, наоѓале домови за сирачињата и работа за невработените. Ги посетувале луѓето од куќа до куќа, одржувале предавања за здравиот начин на живот и делеле литература. Основале училиште за децата од една улица во центарот на градот, воделе здравствена мисија и „дом за работници“.

На плоштадот, веднаш до градското собрание, имале амбуланта каде пружале здравствени услуги и продавница за здрава храна. Исто така, во самиот центар на градот, едно вегетаријанско кафуле служело здрава храна шест дена во седмицата. Во пристаништето Сан Франциско, адвентистите им проповедале на морнарите. А, ако тоа не било доволно, одржувале јавни собири во градските сали.[6] За нас, и по повеќе од 100 години, нивната работа претставува прекрасен пример за црква која е мотивирана од љубовта, која работела онака како што работел Христос.

**Да се примени Христовиот метод во практичниот живот**

Не е секогаш лесно да се примени Христовиот метод. Денес, со кликнување на копче од далечинскиот управувач, автомобилите исчезнуваат во гаражите во предградијата. Жителите на урбаните средини се заклучуваат во своите станови и едвај и да ги гледаат своите соседи. Долгиот работен ден остава малку време за дружење. Но, Христовиот метод не е некој поединечен настан

за кој мораме да одвоиме време, туку правец во кој мораме да се движиме во текот на целиот живот. Тоа значи да се употреби она што веќе го работиме и тоа да го преобликуваме давајќи му ја вистинската цел.

Важно е да поминуваме време со луѓето кои не се адвентисти. Дали одите на прошетка секоја вечер? Одлично. Сега повикајте некој нехристијанин да појде со вас, или што е уште подобро, зачленете се во некој клуб на шетачи во својата заедница. Постојат многу групи на кои можеме да им се придружиме: градинари, собирачи на поштенски марки, клуб на читатели, итн. Исто така можеме да им се придружиме и на другите во општество-корисната работа.

Дали ручате секој ден? Прекрасно! Најдете прилика да ручате со пријателите и познаниците кои не се адвентисти. Во културите во кои тоа е прифатливо, најдобро место за тоа е нашиот дом. Но, и пицерија или некој ресторан е сосема во ред. Она што е важно е дека најдобрите друштвени врски се воспоставуваат токму во моментот кога ја делиме храната.

Не можеме да им служиме на туѓите потреби ако не знаеме кои се тие потреби. Тоа значи дека треба да се запознаеме со своите соседи и со општествената заедница. Тоа значи дека треба да поминуваме време во дружење, слушање, набљудување и учење.

Елена Вајт нѐ советува дека Христовиот метод е единствениот метод кој ќе донесе „вистински успех“. Всушност: „Кога помалку време би било посветено на проповедање а повеќе на лична служба, би оствариле поголем успех... Следен од силата на верата, силата на Божјата љубов, оваа работа нема да биде и не може да биде без плод.“[7] Стефан и Хети Хаскел тоа го знаеле и го примениле во пракса.

Ќе сакаме ли и ние тоа да го спознаеме и да го примениме во пракса?

*Гари Краус служи како секретар соработник и директор на Адвентистичката мисија на Црквата на адвентистите на седмиот ден.*

**Прашања за размислување**

1. Зошто некој би посакал да стане мисионер со своите 68 години?

2. Како срамежливите личности можат да ја придобијат довербата на непознатите луѓе?

3. Кои од петте чекори наведени во овој дел ги сметате за најважни?

[1]Stephen Haskell, in *Advent Review and Sabbath Herald*, July 9, 1901, p. 14.

[2]Stephen Haskell, «The Bible Training School in New York City,“ *Advent Review and Sabbath Herald*, Nov. 12, 1901, p. 11.

[3]Elen G. Vajt, *Евангелски работници*, стр. 480 ориг.

[4]Ellen G. White, *Testimonies for the Church*, vol. 8, p. 76.

[5]Elen G. Vajt, *Во потрага по подобар живот*, стр. 143 ориг.

[6]Ellen G. White, «Notes of Travel—No. 3: The Judgments of God on Our Cities,“ *Advent Review and Sabbath Herald*, July 5, 1906, p. 8.

[7]Elen G. Vajt, *Во потрага по подобар живот*, стр. 143, 144 orig.

*Сабота, 3 ноември 2018*

## МИСИОНСТВО СО РАЗБИРАЊЕ И СОЧУВСТВО

„Извинете господине, дали сте спасени“, го слушнав прашањето додека брзав до продавницата. Се свртев и се соочив со сериозното лице на едно момче во раните 20-ти години.

„Молам“, прашав, се уште несигурен дали добро го слушнав.

„Дали сте измиени со крвта на Јагнето“, гласело следното прашање. Пред да успеам потврдно да одговорам, овој итар евангелист ми го изнесе своето двеминутно сиже на евангелието, полно со теолошки жаргони. Конечно, некако успеав да го убедам дека јас сум веќе христијанин.

Додека пазарував, размислував за таа средба. Се восхитував на одважноста и храброста на тоа момче, кое како воопшто и да не се плашеше од одбивање или неодобрување, но јас и покрај тоа се почувствував малку вознемирено, па дури и тажно. Се прашував колку луѓе ја почувствувале таа одбивност кон пораката токму поради ваквиот пристап. Кој, освен новородениот христијанин воопшто би можел да знае што значи да се биде „измиен во крвта на Јагнето". За жал, колку ревност и да поседуваше овој младич, во иста мера му недостасуваше и способност да ги разбере оние што го слушаат. Се плашам дека начинот на комуникација којашто тој ја избрал, иако можеби успева да допре до извесен број луѓе, сепак може да збуни, па дури и да одврати големо мнозинство потенцијални обратеници.

**Да зборуваме со ист јазик**

Додека се трудиме да ја исполниме својата мисија и да ја објавуваме Божјата последна порака на милост на овој свет, за нас најприродно е да се обидеме тоа да го правиме од сопствена перспектива – од перспектива на нашите лични искуства, нашите лични потреби и она што нам ни се допаѓа или не ни се допаѓа. Меѓутоа, ако не сме во состојба да ги разбереме оние до кои се обидуваме да допреме и од таа перспектива да комуницираме со нив, нашата порака ќе им биде потполно непозната. Мораме да настојуваме да ги разбереме нивните лични искуства, нивните лични потреби, што тие сакаат, а што не сакаат. Значи, мораме да се трудиме да им ја пренесеме пораката на начин на кој тие можат да ја сфатат.

Таквиот пристап најдобро може да се види од зборовите на апостолот Павле: „Јудејците им бев како Јудеец, за да ги придобијам Јудејците; на оние кои се под Законот им бев како и самиот да сум под Законот, иако јас не сум под Законот, за да ги придобијам оние, кои се под Законот. На оние, кои се без закон, им бев како да сум и јас без закон, иако не сум без Божјиот Закон, туку сум под Христовиот Закон, за да ги придобијам оние, кои се без закон. На слабите им бев слаб, за да ги придобијам слаби-

те; на сите им станав сè, та по секаков начин да спасам некои“ (1. Коринќаните 9,20-22).

Павле најпрво се трудел да ги разбере оние на кои имал намера да им зборува – на Евреите, оние кои се „под законот“, оние кои не го познаваат законот, и „сите луѓе“. Потоа се потрудил да комуницира од перспективата на тие групи. Исусовиот пример нè води дури и чекор понатаму. За разлика од Павле, кој во овој текст препознава различни групи на луѓе, Исус истиот метод го применувал на поединци.

Господ сака Неговата реч за благодатта да биде разјаснета на секоја душа. Тоа, во голема мера мора да се оствари со лична работа. Тоа бил Христовиот метод. Неговата работа се состоела главно од лични разговори. Тој покажувал големо уважување дури и кон публиката која се состоела од само една душа.

Далеку од мнозинството, покрај останатите Исус се трудел да разбере и една Сирофеничанка (Марко 7,24-30), еден фарисеј (Лука 11,37-44), еден собирач на данок (Лука 19,1-10), еден парализиран човек (Јован 5,1-15) и една прељубничка (Јован 8,1-11). А потоа, откако ги разбрал. Разговарал со нив земајќи ја предвид нивната лична перспектива.

Ако сакаме да имаме успех во својата мисија, мораме да го следиме овој метод. Мораме прво да се потрудиме да разбереме некој член од своето семејство, сосед, колега, пријател, непријател и „сите луѓе“ поединечно. А потоа мораме да се потрудиме да им ја пренесеме пораката почитувајќи на нивната лична перспектива. Иако некогаш во потполност не можеме да ја разбереме туѓата перспектива, сепак можеме да оствариме значаен напредок кон таа цел користејќи ги следните неколку прашања: Што е тоа што тие најмногу сакаат или мразат? Кои животни искуства од минатото или сегашноста извршиле најсилно влијание на нив? Кои се нивните најзначајни потреби? Откако трпеливо ќе се потрудиме да добиеме одговори на тие прашања, мораме трпеливо да работиме на тоа да ги согледаме допирните точки меѓу тие одговори и нашите пораки. Со вложувањето на

таквите напори ќе бидеме оспособени да ја исполниме својата мисија со разбирање и сочувство какво што покажувал Исус.

## Успех на Исусов начин

Библијата ни дава многу примери од таквиот пристап. Во 2. Самоилова 12, Натан е испратен кај Давида со една порака. Како тој успеал на царот да му долови колку навистина е страшен неговиот грев? Натан го искористил тоа што го знаел одговорот на нашето прво прашање. Му било познато дека Давид, некогашен овчар, ги сакал своите овци. Исто така, го знаел и тоа дека Давид, авторот на 12. псалм, многу го погодуваат „страдањата на угнетуваните и воздишките на бедните“ (5. стих). Увидувајќи ја поврзаноста помеѓу тие особини и неговата порака, Натан бил во состојба успешно да ги пренесе.

Уште еден пример од таков пристап е Исусовата средба со жената Самарјанка (Јован 4). Таа подоцна го опишала како човек „кој ми кажа сè што сум направила“ (Јован 4,29). Врз основа на тоа, таа тврдела дека Тој е Месија (види го и 39. стих). Секако, Исус не ѝ рекол се што некогаш направила, туку ги препознал нејзините најзначајни животни искуства – нејзините претходни неуспешни бракови и сегашната незаконска врска. Потоа ја поврзал со пораката за своето месијанство со тоа што љубезно и со почит се однесувал кон неа, иако Му биле познати тие нејзини искуства.

Исус и докажал дека ги чита сите нејзини животни тајни, па сепак, таа Го доживувала како пријател кој сочувствува со неа и кој ја сака. Иако и самата Негова чистота го осудувала нејзиниот грев, Тој не изговарал зборови на осуда, туку ѝ говорел за својата благодат која можела да ја обнови нејзината душа. Почнала да добива осведочување за Неговиот карактер, така што во нејзиниот ум се јавило прашањето: Тој е долгоочекуваниот Месија?

Конечно, уште еден пример од ваквиот пристап пронаоѓаме во Исусовиот разговор со Никодим (Јован 3). Исус увидел дека најзначајната потреба на Никодим не била да добие одговор на

популарните приговори за Исусовото месијанство (види Јован 7,50-52), ниту, пак, тоа било некој нов приказ на евангелието, кој повеќе би му годел на неговиот високообразован религиозен ум. Иако Никодим можеби токму тоа и го сакал, неговата најважна потреба била истата онаа што ја имале и необразованите рибари, проститутките незаинтересирани за религијата. Тој требало да ја препознае својата потреба за комплетна реформа на умот, целите и мотивите – својата потреба да биде повторно роден (Јован 3,7).

**Љубовта нè „инспирира“**

Тоа ни пружа увид во лекцијата која е од непроценливо значење. Ангажирањето во мисијата со разбирање и сочувство не значи на луѓето да им го зборуваме она што тие сакаат да го слушнат, и на начин на кој би сакале да го слушнат. Наместо тоа, треба да настојуваме, како Исус, да им го кажеме она што на нивната душа ѝ е потребно да го слушне, на начин на кој тие тоа најдобро можат да го разберат.

Што е она што најсилно ги привлекува или одбива? Кои животни искуства од минатото и сегашноста имаат најголемо влијание на нив? Кои се нивните најбитни потреби? Комуникацијата во контекст на ова нè оспособува да се ангажираме во мисијата со најдлабоко разбирање и сочувство. Но, што е она што нè мотивира тоа да го правиме? Според зборовите на Павле: „Бидејќи љубовта Христова нè гони да го мислиме ова“ (2. Коринќаните 5,14).

Додека размислуваме за нежната љубов со која Исус трпеливо нè Опсипува сите нас поединечно, нашата желба е иста - таквата љубов да ја споделиме со другите. И на тој начин, таа ќе природно ќе расте. Додека размислуваме за многуте начини на кои Исус се труди да комуницира со нас преку она што нас најмногу нè привлекува или одбива, преку нашите највлијателни животни искуства и нашите најзначајни потреби, и нашата желба да комуницираме со другите од нивна лична перспектива, природно ќе расте. Додека ние упатуваме топли молитви на Бога да

ја излее Неговата љубов во нашето срце преку Светиот Дух (Римјани 5,5), сè повеќе и повеќе ќе примаме од таа љубов која нè мотивира да дејствуваме во таа насаока. Бог нека направи да можеме со Неговата благодат да ја објавуваме вечната вистина на начин кој е релевантен за нашите пријатели, соседи и ближни.

*Ејн Њуџент, работи како програмер при*
*Генералната конференција на адвентистите на седмиот ден*

**Прашања за размислување и разговор**

1. Што најмногу ве плаши кога станува збор за сведочењето на оние со кои имате многу малку заедничко?
2. Дали сте во пријателски односи со некој со кој имате малку религиски или културни сличности? Опишете го накратко тоа пријателство.
3. Како ќе знаете кога е пристојно да кажете „да поминеме на едно повисоко ниво“, во вашите обиди на другите да им зборувате за Христа?

*Сабота, 1 декември 2018*

## СПАСЕН ЗА ДА СЛУЖИ

**Читај од Библијата: Марко 5,1-8.18.19**

Рано изутрината Спасителот и неговите придружници дошле на брегот, и светлината на Сонцето што се раѓало, како да благословува со мир, ги галела морето и земјата. Но само што зачекориле на брегот, нивните очи забележале сцена поужасна од свирепата бура. Од некое засолниште меѓу гробовите, двајца умоболни луѓе се устремиле на нив да ги растргнат. На овие луѓе виселе делови на синџири што ги скинале бегајќи од местото на своето заточение. Телото им било во рани, а пресечените места

од острите камења крвавеле. Очите им молскале под долгата разбушавена коса. Изгледа демоните што владееле над нив целосно избришале секоја сличност со човечките суштества, па повеќе личеле на Ѕверови отколку на луѓе.

Учениците и нивните придружници побегнале вџашени. Веднаш забележале дека Исус не бил со нив, па се свртиле да го побараат. Стоел таму каде што го оставиле. Тој, кој ја смирил бурата, кој порано го сретнал сатаната и го победил, не побегнал пред овие демони. Кога овие луѓе, чкртајќи со забите и фрлајќи пена од устата, му се приближиле нему, Исус ја подигнал истата рака што ги смирила брановите и луѓето не можеле да пристапат поблизу. Стоеле пред него бесни, но беспомошни.

Со авторитет им наредил на нечистите духови да излезат од нив. Неговите зборови проникнале во затемнетите умови на овие несреќни луѓе. Нејасно сфатиле дека е близу Оној што може да ги спаси од демоните што ги мачеле. Паднале пред нозете на Спасителот да му се поклонат; но кога усните се отвориле да го замолат за негова милост, демоните, диво викајќи, проговориле од нив: „Што сакаш од мене, Исусе, Сине на Севишниот Бог? Те заколнувам со Бога, не мачи ме."

Користејќи ги несреќните луѓе како посредници за пренесување на пораката, го замолиле Исуса да не ги прати надвор од тој предел. Недалеку од падината на горота пасело големо стадо свињи. Демоните молеле да им се дозволи да влезат во нив, и Исус им дозволил. Наеднаш стадото го зафатил беспричинен страв. Тоа обезглавено појурило низ стрмнината и во неможност да се запре на брегот, се фрлило главечки во езерото и се удавило.

Злите духови биле натерани да ја напуштат својата жртва. Во меѓувреме кај опседнатите од демони настапила чудесна промена. Нивните умови ги просветлила светлина. Нивните очи светеле со разборитост. Појавите, толку долго изобличени во сатански лик, одненадеж станале благи, рацете, извалкани со крв, станале мирни и овие луѓе со радосни гласови го славеле Бога за своето ослободување.

Од ритчето свињарите виделе сè што се случило и побрзале веста да им ја однесат на своите работодатели и на целиот народ. Со страв и со вчудовидување се собрало целокупното население да го сретне Исуса. Овие два човека, опседнати со демони, биле страв и трепет за целата околина. Никој не поминувал безбедно крај местото каде што се наоѓале тие, зашто со демонска јарост би се устремиле на секој патник. Сега овие луѓе, облечени и со здрав разум, седеле крај Исусовите нозе, ги слушале неговите зборови и го славеле името на Оној што ги исцелил. Меѓутоа, народот што ја посматрал оваа величествена сцена не се радувал. Загубата на свињите им била поважна отколку ослободувањето на овие двајца робови на сатаната.

Оваа загуба била дозволена од милост кон сопствениците на свињите. Обземени од земните добивки, тие не држеле до неспоредливите вредности на духовниот живот. Исус сакал да го раскине влијанието на себичната рамнодушност за да можат да ја примат неговата милост. Меѓутоа, жалоста и гневот поради земната загуба ги заслепиле нивните очи за милоста на Спасителот.

Појавата на натприродната сила разбудила суеверие кај народот и поттикнала страв кај нив. Од престојот на овој Странец меѓу нив можат да следат натамошни несреќи. Насетувале финансиска пропаст и решиле да се ослободат од неговото присуство. Оние што го поминале езерото со Исуса раскажувале за сè што се случило претходната ноќ, за своето страдање во луњата и како ветерот и морето биле смирени. Меѓутоа, нивните зборови не оставиле никаков впечаток. Во страв народот се собирал околу Исуса, преколнувајќи го да ги напушти, и Тој се согласил, влегувајќи веднаш во чамецот да се врати назад.

Луѓето од Гергеса имале пред себе жив доказ за Христовата моќ и милост. Ги виделе луѓето на кои им е вратен разумот, но толку многу се треселе над своите земни интереси, што Оној, кој го победил кнезот на темнината пред нивни очи, е сметан за неповикан гостин, и небесниот Дар бил оддалечен од нивните врати. Ние немаме можност да се свртиме од Христовата личност,

како што го сториле тоа Гергесинците; но сè уште мнозина не сакаат да ги послушаат неговите зборови, затоа што послушноста би опфатила и жртвување на некое световно добро. Од страв неговото присуство да нè предизвика парични загуби, мнозина ја отфрлаат неговата милост и го оддалечуваат од себе неговиот Дух.

Меѓутоа, чувството на луѓето ослободени од демоните било сосема поинакво. Тие го сакале присуството на својот Ослободител. Во негова близина се чувствувале заштитени од демоните што ги мачеле нивните животи и што го упропастиле нивниот најдобар животен период. Кога Исус се подготвувал да влезе во лаѓата, тие му пристапиле, клекнале пред неговите нозе и го молеле да останат крај него за да можат постојано да ги слушаат неговите зборови. Но Исус им заповедил да се вратат дома и да кажат какви големи работи им направил Господ. Тоа била нивна задача - да одат во незнабожечкиот дом и да зборуваат за благословот што го примиле од Исуса. Им било тешко да бидат одвоени од Спасителот. Сигурно ги очекувале големи тешкотии во дружењето со своите незнабожечки сограѓани. Нивната одвоеност од друштвото како да ги онеспособувала за работата што им ја означил Тој. Меѓутоа, штом Исус им укажал на нивната должност, тие биле готови да послушаат. Не само што им зборувале на своите домашни и на соседите за Исуса, туку оделе низ цел Декаполис, објавувајќи ја насекаде неговата моќ да спасува и опишувајќи како ги ослободил од демоните. Во оваа работа можеле да добијат поголем благослов отколку да останеле во негово присуство само заради лична корист. На Спасителот му се приближуваме со работата во ширењето на добрите вести за спасението.

Двајцата луѓе, излечени од демоните, биле првите мисионери што ги испратил Исус да го проповедаат евангелието во областа на Декаполис. Овие луѓе имале предимство да го слушаат Исусовото учење само неколку мига. До нивните уши никогаш не допрела ниту една проповед од неговите усни. Не можеле да го поучуваат народот како што можеле тоа да го прават ученици-

те што секојдневно биле со Исуса. Меѓутоа, во својата личност носеле докази дека Исус бил Месија. Можеле да го кажат она што го знаеле; она што самите го виделе и го чуле и го почувствувале од Христовата сила. Тоа е она што може да го стори секој чиешто срце го допрела Божјата милост. Љубезниот апостол Јован напишал: „Што беше од почеток, што чувме, што видовме со свои очи, што го посматравме и што го опипаа нашите раце за Речта на животот... Што видовме и чувме, тоа ви го објавуваме и вам“ (1. Јованово 1,1-3). Како Христови сведоци треба да го кажеме она што го знаеме, она што самите сме го виделе, сме го чуле или почуствувале. Ако постојано сме го следеле Исуса, ќе имаме нешто одредено да кажеме за начинот на кој нè водел. Можеме да кажеме како сме го провериле неговото ветување и сме утврдиле дека е вистинито. Можеме да посведочиме за она што го знаеме за Христовата милост. Тоа е сведоштвото на кое Господ нè повикува, а поради неговиот недостиг светот гине.

Иако народот од Гергеса не го примил Исуса, Тој не ги препуштил на темнината што ја избрале. Кога го преколнувале да ги напушти, тие не слушале зборови од него. Тие не знаеле што отфрлиле. Затоа Тој повторно им испратил светлина и тоа преку оние што нема да одбијат да ги слушаат.

Намера на сатаната била со уништувањето на свињите да го одврати народот од Спасителот и да го спречи проповедањето на евангелието во таа област. Меѓутоа, токму овој настан ја вознемирил целата област како ништо друго и го насочил вниманието кон Христа. Иако Спасителот лично се оддалечил, луѓето што ги излечил останале како сведоци на неговата сила. Оние што биле посредници на кнезот на темнината, станале канали на светлината, весници на Божјиот Син. Луѓето се восхитувале додека ги слушале чудесните новости. Во целата таа област се отворила вратата за евангелието. Кога Исус се вратил во Декаполис, народот се собирал околу него, и три дена, не само жителите на еден град, туку и илјадници од целата околина ја слушале веста за спасението. Дури и силата на лошите духови му е подвластена на нашиот Спасител и дејствувањето на злото се

свртило на добро.

Средбата со опседнатите од Гергеса носела поука за учениците. Таа ја покажувала сета длабина на понижувањето во која сатаната сака да го вовлече целиот човечки род и Христовата мисија да ги ослободи луѓето од неговата сила. Овие унесреќени суштества, настанети во гробишта, со кои владееле демони, во ропството на необузданите сетила и гнасни страсти, го претставуваат она што би станал човечкиот род кога би бил препуштен на власта на сатаната. Сатаната врши постојано влијание врз луѓето да ги умртви сетилата, да завладее со умот на зло и да поттикне насилство и злосторство. Тој го ослабува телото, го затемнува умот и ја понижува душата. Секогаш кога луѓето го отфрлаат повикот на Спасителот, му се потчинуваат на сатаната. Денеска тоа мнозина го прават во секоја област на животот: во домот, на работа, па дури и во црквата. Тоа е причината што насилството и злосторството се рашириле по сета Земја и морална темнина, како смртен превез, ги покрива човечките населби. Со свои нарочни искушенија сатаната ги води луѓето во сè поголемо зло, додека краен резултат не биде порочност и пропаст. Единствена сигурна заштита против неговата сила се наоѓа во Исусовото присуство. Пред луѓето и пред ангелите сатаната се открил како човеков непријател и уништувач; Христос како човеков пријател и ослободител. Христовиот Дух ќе го развие во човекот сè она што ќе го облагороди карактерот и ќе ја издигне природата. Тој во телото, душата и духот ќе изгради човек на слава на Бога. „Навистина, Бог не ни даде плашлив дух, туку дух на сила, на љубов и трезвеност“ (2. Тимотеја 1,7). Тој нè повикал „да ја стекнеме славата“ - карактерот - „на нашиот Господ Исус Христос“; нè повикал да се „сообразиме со ликот на неговиот Син“ (2. Солуњаните 2,14; Римјаните 8,29).

Е. Г. В.

ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА
4/2018

Мисионски проповеди

Излегува тримесечно

***Издава:***
Христијанска адвентистичка
црква, црква на адвентистите на
седмиот ден

***Коректура:***
Томе Трајков

***Одговара:***
Томе Трајков

***Превод и подготовка:***
Мелита Томовска

***За интерна употреба***